Изложбата на Ацо Филиповски во Скопје како повод

# Спонзори и уметници

## Потребна е селекција на фолклорните групи кои настапуваат надвор

КАТЕРИНА ОРИЃАНСКА

Ѓорѓи Томов е скопјанец кој живее во Њујорк и во моментов е Претседател на фондацијата на народни игри.Неодамна престојуваше во Македонија и донираше финансиски средства во изложбата на Ацо Филиповски која се уште е отворена во Музејот на Град Скопје.Од својата биографија го истакнува завршувањето на Педагошка академија, членувањето во Танец од 1955 до 1962. Со доаѓањето во Њујорк во 1974 година формира свој фолклорен ансамбл а во 1975 година и Фондација за фолклорни игри. Во тој период учествувал и во издавањето на Југословенски фолк магазин и во отварање на меѓународно интернационално студио за народни игри и песни како и во повеќе други активности.Во последниот период од својата работа го истакнува предавањето на македонски фолклор на повеќе од 80 колеџи во Америка со организирање на изложби на народни носии, накит и демонстрација на ора. Директор е на европскиот фестивал во Линколн центарот во Њујорк каде се одржуваат осум до десет фолкорни фестивали од Америка. Како претседател на фондацијата на народни игри спонзора некои активности во оваа земја а своето учество во спонзорирање на ретроспективната изложба на Ацо Филиповски не го смета за инцидентно туку сака да задржи некој континуитет во помош на македонските уметници.-"Во преговори сум со директорот на операта при Македонскиот народен театар и бидејќи работам за една менаџерска куќа во Њујорк која презентира уметници од цел свет, за цел свет. Сакам преку нив да презентираме некои американски диригенти и опрески пеачи како гости овде во Македонија но и да овозможам евентуално некој од македонските уметници да гостуваат таму.Би сакал да и се посеветам на Македонија и моја идна цел е да овозможам во Америка да се отвори специјална агенција која ќе биде пат во светот за сите македонски уметности. За ова треба помош и од македонската држава а но и од американска страна. Такви агенции веќе имаат Полјаците,Чесите, Словаците кои успешно работат. Тоа е макотрпна работа во која треба во почетокот малку инвестира.Треба да се направи пропаганден материјал, проспекти, флаери брошури кои треба да се испраќаат насекаде. Јас сеуште патувам и држам предавања кои сеуште се актуелни.Но интересот за фолкорот малку заостанува во Америка и сметам дека треба тој подобро да се презентира надвор. Во последно време доаѓаат неорганизирани фолклорни групи кои имаат цел да емигрираат во Америка. Доаѓаат и остануваат таму но не со цел да даваат концерти. Треба во Македонија да се направи селективен избор за да се знае кои ансамбли ќе можат да го презентираат македонскиот фолклор. Оваа појава е многу зачестена и опасна бидејќи тие таму не одговараат на условите и ги ставаат организаторите во незгодна ситуација кои понатаму несакаат да рескираат" - изјави Ѓорѓи Томов.


Ацо Филиповски

Сликарот Ацо Филиповски сакајќи јавно да му заблагодари на господинот Томов за спонзорирањето на неговата изложба изјави:"- Помошта која ја даваат спонзорите е голема работа, уште повеќе што денес има се помалку пари за културата. Многу тешко се добиваат пари од Министерството за култура а подготовката за една ваква монографска јубилејна изложба, кај што се прославуваат 40 години ликовно творештво бараше солиден каталог и повеќе средства. Многу тешко се наоѓаат спонзори а особено вакви приватни лица кои можат да дадат помош. Се надевам дека со помош на Томов еден ден ќе ја презентирам мојата изложба во Њујорк.